

## „МИЈАЧКОТО СТАНБЕНО ГРАДИТЕЛСТВО – ПОТЕКЛО, РАЗВОЈ И ДОСТРЕЛИ“ ОД Д-Р МЕЛАНИЈА ШЕРДЕНКОВСКА

Во овој труд Мијачката градителска традиција се разгледува од аспект на преселбите и работата на тајфите низ Македонија и балканските земји под Османлиска владеење. Го следиме влијанието на Мијачките градителски тајфи на развојот и критериумите со кои се гради објектот и развојот на естетското чувство кај месното население, за понатаму да го иницира развојот на градителството и останатите уметнички занаети, преку

активно учество на месното население во градителските тајфи, но и нивно понатамошно организирање во тајфи и сопствен развој на оваа дејност. Овој труд е составен дел на докторската теза Мијачко станбено градителство – потекло, развој и дострели, издадена  како книга со истиот насловпреку издавачката куќа Матица Македонска, во 2016 година.  Во докторската теза е докажана  главната хипотеза на истражувањето – МИЈАЧКИТЕ ГРАДИТЕЛИ СЕ ЕСЕНЦИЈАЛНИТЕ ВТЕМЕЛУВАЧИ НА ГРАДИТЕЛСТВОТО НА ПРОГРАМСКИ И ОБЛИКОВНО ДЕФИНИРАНАТА КУЌА НА ЈУЖНИОТ ДЕЛ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУСТРОВ И ЗАПАДНИОТ ДЕЛ ОД МАЛА АЗИЈА.

При анализата на градителството и градителските традиции во Македонија, и пошироко на Балканот, сите автори се согласуваат дека Мијачкиот крај е местото од каде што потекнува плејада мајстори - градители. Неколкугодишните истражувања на терен, недвосмислено упатија на нивниот особено  различен начин на градба и однос кон градителството воопшто. Во минатото, во сите краишта на Македонија, селската куќа ја задржала својата утилитарност, изградена од месните мајстори или од самиот сопственик, од материјалите кои ги има во најблиската околина, ослободена најчесто од декоративните елементи, освен оние кои ги создава основната форма или конструктивниот елемент. Меѓутоа она што уште во првиот момент може да се забележи при посетата на селата на Мијаците е еден посебен однос кон куќатаи градбата воопшто. Исконскиот однос кој поединецот го носи во себе кон домот, а особено односот на мајсторот кон градбата, нејзината целовитост и секој поединечен елемент, можеме да го почувствуваме на секој чекор.

Кога се зборува за градителството во овој крај се наметнува констатацијата дека се работи за една исклучителна појава, која е длабоко вкоренета во нивното битие. Затоа може и да се зборува за карактеристиките - особина, вештина, кои со векови наназад се пренесувани на генерациите кои доаѓаат, најчесто во рамките на фамилијата. Основната дарба за обработката на каменот и дрвото, нивните логички врски во една стабилна градба, а особено чувството за естетика во применетите форми и склопови на применетите материјали, била постојано надоградувана и менувана, прилагодувана на потребите и барањата. Цврстиот и масивен камен во првото, односно во првите две нивоа, силно се спротивставува на бондручната конструкција на последното ниво, затворено, најчесто, со темно обработено дрво. Основната форма добиена со извонредно избалансираниот однос - контраст на масивно и лесно, на светло и темно, на камен и дрво, богато е надополнета со едноставни, но ефектни детали, со што се создава една извонредно складна целина. Тоа се одлично изработените отвори на вратите, обработката на прозорските отвори, агловните камени блокови, еркерот и најживописниот елемент - ризалитите и аркадните ризалити.



[illegible]



**Пишува д-р Меланија Шерденковска**